***вести-информации***

*Симеон СОЗОВСКИ*

## ПРВА БАЛКАНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН ВИД

*Првата Балканска конференција се одржа од 26 до 30 октомври 2000 година во Варна, Бугарија во организација на Бугарската асоцијација за оспособување на деца со оштетен вид.*

На Конференцијата учествуваа околу 50 учесници од следните Балкански земји: Албанија, Бугарија, Грција, Хрватска, Македонија, Романија, Турција и Југославија.

Од Република Македонија учествуваа 4 учесници (проф. д–р Љупчо Ајдински, Симеон Созовски, Елизабет Солтирова и Анита Чекановска).

Конференцијата работеше во пленарни седници и во групи. Првите два дена Конференцијата работеше пленарно.

Првиот ден настапија 11 учесници со теми за практичните искуства во работата со децата со оштетен вид, за организацијата и оспособувањето на децата со оштетен вид во секоја од наведените земји учеснички, за подобрување на менаџментот во училиштата за деца со оштетен вид и др.

Од Р. Македонија со свои реферати настапија проф. д–р Љупчо Ајдински со тема „Првите почетоци на раната интервенција кај децата со оштетен вид во Р. Македонија“ и Елизабет Солтирова со тема „Организација на образованието и рехабилитацијата на лицата со оштетен вид во Р. Македонија“.

Во вториот ден исто така се одржа пленарна седница на која со свои реферати настапија 10 учесници од земјите учеснички.

Во третиот ден се работеше по работни групи и тоа:

- прва група: Обновување на училишните програми;
- втора група: Оспособување на децата со оштетен вид за вклучување во редовните училишта;
- трета група: Училишен менаџмент.

Откако заврши работата во групи се одржа завршна пленарна седница на која се донесоа следните заклучоци:

- Значењето на раното откривање и организирање на раната интер–венција за децата со оштетен вид и на децата со мултихендикеп;

- Интегрираната обука на децата со оштетен вид и изготвување на општи и индивидуални програми за децата со оштетен вид во редовните училишта, вклучување на дефектолозите, давање на стручна помош и развивање на ресорните центри;
- Техники на читање кај слабовидните ученици;
- Печатење на Браеви учебници;
- Опремување на училиштата со современи наставни средства;
- Методи на работа со деца со мултихендикеп и дневна организација на работата;
- Соработка на училиштето со добротворни организации;
- Социјализацијата и интегрирањето на учениците со оштетен вид во општествената средина;
- Договор за организирање на следната конференција во Атина, Грција.

Покрај пленарните седници и работни групи, по барање на колешка од Република Турција беше организирана групна дискусија на тема „**Раната интервенција кај деца со оштетен вид**“, што е значајно за сите балкански земји како пионери во оваа дејност. Се разговараше за:

- Организација на работата на раната интервенција кај деца со оштетен вид;
- Активности на дефектолозите;
- Основни полиња на работа: сензорен развој, моторен развој, когнитивен развој, социјално–емоционален развој и др..